Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-тата седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-766/1 од 16.02.2026 година, со наводи за злоупотреби во ЈП /// – ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

ДКСК до Државниот завод за ревизија ќе достави барање ревизијата на ЈП /// – /// да биде опфатена со годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија.

Предметот со број 12-766/1 од 16.02.2026 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 16.02.2026 година, поднесена е пријава со наводи за злоупотреби во ЈП /// – /// и оформен е предмет број 12-766/1 од 16.02.2026 година.
Во пријавата подносителот опишува околности на противправно присвојување на наплатени парични средства во периодот од мај 2021 година до ноември 2025 година од страна на лица кои се вработени во претпријатието а биле задолжени за наплата, за што биле запознаени и раководни лица. Воедно, во пријавата се опишани и околности на присвојување на материјали и средства набавени од страна на претпријатието за лични потреби на директорот; случаи на исплата врз основа на фактури за фиктивно извршени услуги и случаи на склучување на договори на дело со лица кои не доаѓале на работа.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот пријавените дејствија не соодветствуваат на дефиницијата за корупција утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, а до Државниот завод за ревизија ДКСК ќе достави барање ревизијата на ЈП /// – /// да биде опфатена со годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D., член/anëtar

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk